# ДАЛИ И ВО МАКЕДОНИЈА ЌЕ ЗАЖИВЕЕ НАЈНОВИОТ ЕВРОПСКИ ТРЕНД ЗА АКТИВЕН ОДМОР



**БАЊСКИОТ ТУРИЗАМ МОЖЕ ДА СЛУЖИ И ЗА ОДМОР, А НЕ САМО ЗА ЛЕКУВАЊЕ**

Македонија, за разлика од соседите, бањите не ги смета за туристички места. Во каталозите на земјите од регионот со години бањите се рекламираат како туристички дестинации. За жал, кај нас ниту еден туроператор во своите понуди нема аранжман за летување во некоја македонска бања. Ова, меѓу другото, беше потенцирано на трибината за бањски туризам во Македонија, организирана од Стопанска комора на Македонија. На средбата беше јасно кажано дека бањскиот туризам може да стане многу исплатлив бизнис, само државата треба поагресивно да се зафати со промоција на туризмот и со привлекување инвеститори. Од осум бањско климатски летувалишта, на територијата на земјава функционираат пет: Банско, Негорски Бањи, Катлановска Бања, Кежовица кај Штип и Кумановска Бања. Трибината се одржа во бањата Косоврасти, сместена на реката Радика, на брегот на Дебарското Езеро. Водите на оваа бања се користат за лекување на разни заболувања.

Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Дебарскиот крај е познат по термоминералните извори. По целиот крај има водопади од топли води и реки покрај патиштата. Десеттина километри од Косоврасти, под планината Кораб се наоѓа Бањишта. Температурата на водата во бањата е 39 степени Целзиусови. Со реновирање на капацитетот годинава Бањиште ја посетиле повеќе од 7.000 лица. Лековитоста на водата е позната уште од XVI век.

Сопствениците на бањите велат дека регионот има капацитет за искористување на ова богатство. Потребно е само да се вложи во инфраструктурата.

"Ја замолувам државата да ги среди патиштата Охрид-Дебар и Дебар-Маврово. Со расположливото количество вода ние сме први во Европа", вели Мећит Цапа, сопственик на дебарски бањи "Цапа".

Во земјава дојдоа и словенски експерти да го пренесат искуството во развојот на бањскиот туризам. Таму речиси 43 отсто од луѓето бањите ги користат за релаксација, а само 23 отсто посетата ја поврзуваат со лекување. Клучот за развој на овој туризам тие го гледаат во добра организација и агресивна реклама.

"Ако има лековит фактор тоа е добар знак, но треба да имате добра организација и бањите да почнат да работат заедно", вели Руди Румбак, директор на Заедницата на природни лекувалишта на Словенија.

Лани од овој бизнис Словенија заработила 170 милиони евра. За развивање на ваков вид туризам потребно е промовирање, организација и соработка со надлежните институции.


